**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 – 615/ 2
07-02 2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), член 24 став (4) од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/06,63/07,24/11, 51/11и 148/11) и член 4 од Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/07) , постапувајќи по барањето на Правното лице „Центар за истражување, развој и континуирано образование "- ЦИРКО Скопје бр.25-615/1 од 20.01.2012 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за овластување за вршење на периодична инспекција

1. СЕ ОВЛАСТУВА Правното лице „ Центар за истражување, развој и континуирано образование "- ЦИРКО Скопје, за вршење на периодична инспекција на производи (Модул 1) на опрема опфатена со член 4 точка 1 од Правилникот за пренослива опрема под притисок.
2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 24 ставови 1 и 22 од Законот за безбедност на производите.
3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

### Образложение

Правното лице „Центар за истражување, развој и континуирано образование "- ЦИРКО Скопје, до Министерството за економија – Државен инспекторат за техничка инспекција поднесе барање Бр. 18-86/1 од 10.01.2012 година, за донесување на Решение за овластување за вршење на периодична инспекција на производи (Модул 1) на опрема опфатена со член 4 точка 1 од Правилникот за пренослива опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија" бр.17/07, 122/09, 99/10 и 113/11) .

Врз основа на известувањето од Државниот инспекторат за техничка документација за исполнетоста на условите на правното лице за вршење на периодична инспекција на пренослива опрема под притисок Бр. 18-82/2 од 20.01.2012 година и доставените документи согласно член 2 и 3 од Уредбата: Документ за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Македонија, Полиса за осигурување за професионална одговорност за вршење дејност, Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централниот регистар на Република Македонија бр.09-04-13/4040, докази за вработениот стручен кадар, дипломирани машински инжинери (м-р Владимир Стојмановски, Велков Тони и Зоранчо Илков), Александар Алексиевски, дипл.ел.инж. и Орце Наумовски, машински техничар и Прилог кон Сертификатот за акредитација на инспекциско тело Бр. ИТ – 027 од 28.12.2011 година, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, се утврди дека се исполнети условите за донесување на ова РЕШЕНИЕ.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**МИНИСТЕР,**
**Valon Saraqini**

**ДОСТАВЕНО ДО :**
- **подносител на барањето**
- **ДИТИ**
- **ДПИ**
- **ИАРМ**
- **архива**

-изготвил: Лилјана Миноска
-контролирал: Нериман Целадин
-одобрил: Билјана Д.Стојановска
-согласен:Анче Трифунов